## НОВОСТИ И СООПШТЕНИЈА

— Магдалена Пасху и Гиго Тренчевски припр. професори со успех го положија државниот професорски испит, на 1. I. 1952 г.

— Благој С. Попов, универзитетски предавач на Филозофски факултет во Скопје, со успех ја одбрани на 5. V. 1952 год. својата докторска дисертација на тема „Формирање критеријуми за редуктибилност на некои класи линеарни диференцијални равенки" пред комисијата составена од: Д-р Драгослав Митриновиќ проф. на ВТШ школа во Белград, Д-р Тадија Пејовиќ проф. на Природноматематичкиот факултет во Белград, Д-р Ѓуро Курепа, проф. на Природословно-математичкиот факултет во Загреб, Д-р Марин Каталиниќ, проф. на Филозофскиот факултет во Скопје, Д-р Атанасије Урошевиќ, декан на Филозофскиот факултет во Скопје.

— На 7 мај 1952 год. ректорот на Скопскиот универзитет проф. Киро Миљовски, во присаство на министерот за просвета, наука и култура, испитната комисија и други гости ја изврши првата докторска промоција на Скопскиот универзитет и го прогласи Благој С. Попов за доктор на математичките науки.

— Д-р Ѓорѓе Николиќ, управител на астрономскиот отсек при Географскиот институт на ЈНА во Белград, одржа за студентите по математика и физика од II, III и IV година едномесечен курс по општа астрономија.

---

## III ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 5 јули 1952 г. одржано е III годишно собрание на Друштвото на математичарите и физичарите од НРМ, во просториите на Вишата педагошка школа. Во присаство на околу 50 делегати—членови на Друштвото, собранието го отвори Др. Марин Каталиниќ, кој го предложи следниот дневен ред:

1. Избор на работно председателство
2. Избор на записничари и оверувачи на записникот
3. Извештај за работата на Друштвото во периодот од април 1951 до јули 1952 г.
4. Извештај на благајната на Друштвото за истиот период
5. Дискусија по извештаите
6. Избор на нова управа

Во работното председателство скупштината ги избра: Смичков Кирил, Спасева Нада и Магдалена Пасху а потоа за записничари Николиќ Александар и Спасева Оливера и оверувачи на записникот Милев Јово и Мартиновски Симеон.

Извештај за работата на Друштвото поднесе Др. Благој Попов секретар на Друштвото. Во извештајот се изнесени проблемите што се поставувани пред Друштвото и работата на Управата за разрешување на тие проблеми. При управата на Друштвото постојат разни секции

како: секција за математика, секција за физика, секција за популаризација на нашите две науки, универзитетска секција и др. Управата во текот на летната ваканција е организирала курс за наставниците по математика што немаат никаква стручна спрема. Курсот е бил посетуван од околу 30 слушачи и е завршил со успех па се препорачува организирање на нови курсеви.

Управата на Друштвото како важна своја задача е поставила издавањето на учебници по математика и физика на македонски за средните школи. За таа цел е бил распишан конкурс што подоцна минал на Државното книгоиздателство.

Билтенот на Друштвото продолжува да излегува што претставува успех. Размената на овој часопис со странски публикации исто така продолжува.

Членовите на Друштвото му помагале на Советот за просвета наука и култура во многу прашања околу наставата во средните школи, со изработувањето на програми и ревизија на средношколската настава по математика и физика.

Благајничкиот извештај го поднесе Платон Димиќ. Од него се гледа дека Друштвото во моментот располага со 4.069 динари.

По одржаните извештаји се разви дискусија во која учествуваа повеќе членови

Потоа се даде разрешница на старата управа и се пристапи кон изборот на нова.

Едногласно беше усвоен предлогот на кандидационата комисија (Б. Попов, Д. Перчинкова и С. Мартиновски) управата во следната година да ја сочинуваат следните членови: Др. Марин Каталиниќ, Др. Благој Попов, Нада Спасева, Ристо Танев, Ордан Печијаре, Платон Димиќ, Даница Перчинкова, Јово Милев, Тихомир Илиевски, Степан Лукиќ, Симеон Мартиновски.

Во контролната комисија се избраа: Јоже Улчар, Магдалена Пасху и Јосип Мозер.

На својата прва седница одржана веднаш по завршеното собрание се состана новоизбраната управа со цел да се конституира. Новиот состав на управата е:

*Председател*, Др. Марин Каталиниќ
*Подпредседател*, Платон Димиќ
*Секретар*, Др. Благој Попов
*Благајник*, Тихомир Илиевски
*Библиотекар*, Даница Перчинкова
*Членови:* Ордан Печијаре, Нада Спасева, Степан Лукиќ, Симеон Мартиновски, Ристо Танев и Јово Милев.

Секција по физика: Ордан Печијаре (за одговорен), Нада Спасева и Гергина Младеновска, секција по математика: Платон Димиќ (за одговорен) Степан Лукиќ и Симеон Мартиновски, секција за популаризација, на математиката и физиката Нада Спасева. Во новиот редакционен одбор се избраа Др. Марин Каталиниќ, Др. Благој Попов, Ордан Печијаре и Јоже Улчар.

## ЖАЛНА ВЕСТ

На 4 декември 1952 год. ненадејно почина

## ТИХОМИР ИЛИЕВСКИ

асистент при математичката катедра и член на Управниот одбор на ДМФ од НРМ